# Резултати од повикот за предлог- проекти за доделување на финансиски средства за индивидуална мобилност во рамките на програмата „Доживотно Учење- Леонардо да Винчи“

Врз основа на одлуката на Европскиот Парламент и Решението за воспоставување на програмата „Доживотно Учење“ од 15 Јануари 2006 година (1720/2006/ЕС), Европската Комисија распиша повик за предлог- проекти за програмата „Доживотно Учење“ 2009 година (DG EAC/31/08), односно посебен додаток на повикот за Република Македонија и Република Хрватска (DG EAC/31/08 - 2009/C 35/08). Во рамките на посебниот повик за предлог- проекти, рокот за пријавување за индивидуална мобилност преку програмата „Леонардо да Винчи“ е до 18 Декември 2009. Висината на средствата кои беа предвидени за 2009 година за Република Македонија изнесуваше 16 000€.

Националната агенција за европски образовни програми и мобилност врз основа на член 3.6.2.3 од водичот за Национални Агенции назначи Евалуациски Комитет кој по проверката на формалната квалификуваност на предлог- проектите, односно по финансиската евалуација на добиените апликации, подготви предлог за доделување на финансиска поддршка- грант на одобрените апликации. Предлогот беше доставен до Директорот на Националната Агенција за Европски образовни програми и мобилност, кој ја потпиша Одлуката за доделување на финансиска поддршка.

Сите пристигнати апликации поминаа низ техничка проверка за квалификуваност, односно мораа да ги исполнат следниве критериуми:

- Формуларот за предлог- проект да е правилно, целосно пополнет и на англиски јазик;
- Формуларот за предлог- проект да е пратен по пошта не подоцна 6 недели пред денот на настанот, или најдоцна до 18 Декември 2009 година ;
- Формуларот за предлог- проект да содржи печат на институцијата и правниот застапник;
- Институцијата да е стручна институција;
- Потврда за регистрација на соодветниот курс или потврда за посета на конкретна институција.

Квалитативна проценка: Во оваа фаза се користат внатрешни капацитети на НА. Апликациите се рангираат според критериуми дефинирани во Водичот за Програмата за Доживотно учење за соодветната акција, и се користат формулари за квалитативна проценка од Европската Комисија.
Предложените буџети се предмет на проверка од страна на Секторот за правно, финансиско и хоризонтално работење во НА. Проверката се прави според подобноста на соодветни категории на трошоци во програмата за Доживотно учење, како и во однос на акцијата за која се аплицира.
Пријавите се рангираат според бројот на освоени бодови и за финансирање. За финансирање се предлагаат пријавите кои влегуваат во расположивиот буџет. Останатите пријави кои освоиле над 60 бодови формираат листа на резерви.
Директорот на НА, во согласност со Водичот за Национални агенции, назначува Евалуационен комитет. Евалуациониот комитет се состои од 2 (два) членови, од кои еден е од НА, еден претставник на Министерство за Образование и Обука. Ова тело ја проверува го проверува правилното спроведување на процедурата за одлучување и дава своја конечна препорака за доделување финансиска поддршка на соодветниот проект или одбивање. Оваа одлука се проследува до Директорот на НА. Директорот на НА донесува конечна одлука за доделување на финансиска поддршка на предлог проектите.

Во рамките на повикот за Леонардо да Винчи предлог- проекти се добиени 29 (дваесет и девет) апликации, од кои 12 (дванаесет) не ги задоволи критериумите за квалификуваност.

Останатите 17 апликации поминаа низ финансиска евалуација и во согласност со предлогот на Евалуацискиот Комитет и конечната одлука на Директорот на Националаната агенција, доделени се следниве суми на финансиска поддршка:

| Акција | Рок | Пристигнати апликации | Одобрени апликации | Во процес на разгледување |
|---|---|---|---|---|
| Подготвителни посети | Отворен рок за аплицирање | 29 | 17 | 0 |

**Одобрени апликации:**

1. MKLLP-LDV-A.2.1-2009-0003, АСУЦ "Боро Петрушевски", Скопје – 833 €
2. MKLLP-LDV-A.2.1-2009-0004, БИГОСС Стево ДООЕЛ, Скопје – 848 €
3. MKLLP-LDV-A.2.1-2009-0005, СОУ „Тако Даскало, Битола – 1150 €
4. MKLLP-LDV-A.2.1-2009-0006, Академија Леонтиќ, Скопје – 1150 €
5. MKLLP-LDV-A.2.1-2009-0008, СОУ „Нико Нестор„, Струга - 1110 €
6. MKLLP-LDV-A.2.1-2009-0009, Доброволно Противпожарно Друштво Свети Николе, Свети Николе – 585 €
7. MKLLP-LDV-A.2.1-2009-0011, СОУ „Јосиф Јосифовски„ Гевгелија- 1000 €
8. MKLLP-LDV-A.2.1-2009-0013, СОУ „Гошо Викентиев„ Кочани – 1000 €
9. MKLLP-LDV-A.2.1-2009-0014, Фондација регионална развојна агенција на Пелагонија – ПРЕДА ,Прилеп – 1110 €
10. MKLLP-LDV-A.2.1-2009-0015, Фондација агро-центар за едукација (АЦЕ), Скопје – 1080 €
11. MKLLP-LDV-A.2.1-2009-0018, Државен универзитет “Гоце Делчев”, Штип –995€
12. MKLLP-LDV-A.2.1-2009-0019, СОУ „Љупчо Сантов„ Кочани – 885 €
13. MKLLP-LDV-A.2.1-2009-0020, Агенција за вработување на Република Македонија, Скопје – 985 €
14. MKLLP-LDV-A.2.1-2009-0022, Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, Скопје- 1070 €
15. MKLLP-LDV-A.2.1-2009-0025, Средно електротехничко училиште на град Скопје "Михајло Пупин"-,Скопје - 650 €
16. MKLLP-LDV-A.2.1-2009-0027, Средно училиште на град Скопје "8-ми Септември", Скопје - 650 €
17. MKLLP-LDV-A.2.1-2009-0026, Средно училиште на град Скопје "Лазар Танев", Скопје - 880 €

Порта Буњаковец А2-1, МК-1000 Скопје, Република Македонија; тел. (02) 3109 045, факс. (02) 3109 043
Веб: http://www.na.org.mk; е-пошта: info@na.org.mk